**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.02-165/1**
**24.02.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 181 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.82/18), Правилникот за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава (Службен весник на РМ бр.120/10) и член 263 од Статутот на Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола (2019 година), а по претходно донесена Одлука за формирање на комисија на Наставно научниот совет со бр.08-136/12 од 14.02.2020 година на Факултетот за безбедност - Скопје, на 24.02.2020 година распишува

**Интерен повик за избор на истакнати стручњаци од практиката за изведување на клиничка настава од областа на криминалистичко технички испитувања и вештачења**

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени со Законот за високото образование, Правилникот за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување клиничка настава – пропишани од Министерството за образование и наука и Статутот на Универзитетот, и тоа:

1.Да има завршено најмалку високо образование, односно четиригодишни додипломски студии (документација – доказ)
2.Да има најмалку 10 годишно работно искуство во соодветната област и потврдени резултати во областа во која се ангажираат да изведуваат настава (документација – доказ, издадена од тело надлежно за управување со човечки ресурси),
3.Да е истакнат стручњак во соодветната област и да има постигнувања во практичната примена на научните звања во дадено поле (документација за доказ),
4.Да достават програма за реализација на стручните аспекти на прашањата и проблемите од наставниот предмет (место, начин на изведување и др.),
5.Да обезбедат потпис од предметниот наставник на Факултет за безбедност - Скопје

Пријавите и документацијата по конкурсот кандидатите да ги достават лино или преку пошта на адреса „1“ Колонија – Идризово бр,2А Скопје.
Повикот трае 8 (осум) дена